ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:19-169/7**

**Дата: 04.11.2011**

ДО
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО – ТЕЛЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие Македонска радио - телевизија , (во понатамошниот текст МРТ ) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2006 година со кој е изразено негативно мислење за финансиските извештаи и за законското и наменско користење на средствата.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, при што е утврдено дека јавното претпријатие делумно превземало мерки за спроведување на препораките.

Ревизијата се воздржа од давање на мислење за финансиските извештаи за 2010 година додека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи не се во согласност со релевантната законска регулатива.

Со извршената ревизија констатиравме дека не е воспоставен целосен систем на интерни контроли при склучувањето на договори за откуп на програма, копродукција, снимање на манифестации и други договори за кои не се применува Законот за јавни набавки.

***Ревизорски тим:***
*1.___________________*
*2.___________________*

***Овластен државен ревизор***
________________________________

Не е утврдена и упишана вредноста на основачкиот влог на МРТ, не се реално и објективно прикажани побарувањата и приходот од радиодифузна такса, имотот, како и наменските средства добиени како државна подршка од Владата на РМ.

Ревизијата не можеше да се увери дека воспоставениот систем за водење на регистарот на обврзници на радиодифузна такса и апликацијата што ја користи МРТ дава целосни и точни податоци за побарувањата и приходот од радиодифузната такса.

МРТ нема воспоставено соодветна функција на внатрешна ревизија поради што не се спроведува ефикасно процесот на управување со ризиците во работењето, контролата и управувањето со финансиските средства на МРТ како и поддршката на органите на управување и раководење.

Ревизијата констатира несигурност во целосноста, вреднувањето и презентирањето на приходот од радио и телевизиски реклами емитувани на програмите на МРТ.

Ревизијата препорачува:

- Управниот одбор на МРТ да донесе акт за начинот и постапката на склучување на договорите за програмските активности,
- да се превземат активности за утврдување и упишување на основачкиот влог на претпријатието во Централниот регистар,
- да се превземат мерки за реално и објективно искажување на побарувањата и приходот од радиодифузна такса, да се пропише процедура за начинот на следење на промената на состојбата на обврзниците и да воспостави соработката со органите на државната управа кои располагаат со регистри за физички и правни лица посебно со Управата за јавни приходи,
- Да се превземат мерки за обезбедување на потребната документација за целосно упишување на имотот на МРТ во јавната книга.

И покрај финансиската подршка што МРТ ја добива од Владата на РМ во периодот од 2007 до 2010 година, МРТ има евидентирано обврски по кредити, гаранции, камати за активирана гаранција, обврски за позајмени нафтени деривати, обврски за неплатен ДДВ, обврски кои МРТ поради неликвидност не успева да ги сервисира редовно што може да влиае на континуитетот на работењето во иднина.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со основачот, Собранието на РМ, да превземат конкретни мерки за подобрување на начинот на кој се извршува дејноста на МРТ за надминување на неповолната финансиска состојба.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 24 до 27) заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие Македонска радио – телевизија за 2010 година кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промените во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај како и негативно мислење во однос на законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Ефтим Гаштов, Извршен директор од 23.09.2008 година и
- М-р Петар Каранаков, Извршен директор од 30.10.2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во точката 2.3., делогруг на ревизијата –ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. МРТ нема извршено упис на вредоста на основачкиот влог во Централниот регистар, не е извршен упис во јавната книга на целокупниот имотот со кој располага МРТ, не е применето начелото на пресметковна основа на евиденцијата на побарувањата и приходот од радиодифузна такса, не е соодветно евидентиран приливот на парични средства добиен како државната подршка од Владата на РМ, ревизијата не се увери во целосноста на приходот остварен од маркетиншки услуги.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2010 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 до 18.06.2010 година кај Јавното претпријатие Македонска радио - телевизија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, дадени во Прилог број 1 на овој извештај.

Со ревизија на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека јавното претпријатие делумно превземало мерки за спроведување на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 11.07.2011 година.
На Нацрт извештајот добиени се забелешки под број 02-1876/1 од 25.08.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-169/6 од 31.08.2011 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот. Дел од доставените забелешки претставуваат коментари по изнесените констатации во Нацрт извештајот или дадени појаснувања и образложенија за причините поради кои се настанати одредени состојби. Доставената дополнителна документација во најголем дел се имаше во предвид во текот на ревизијата.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Систем на интерни контроли

4.1.1. Со увид во документацијата врз основа на која се склучуваат и реализираат договорите за програмските активности на МРТ за снимање на разни манифестации, откуп на програма, копродукција и други договори, ревизијата констатира дека не е воспоставен целосен систем на интерни контроли соглано Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој ќе обезбеди законски економичен ефикасен и ефективен начин на управување со јавните средства. Имено доделувањето на договорите по горенаведените основи се исклучени од Законот за Јавни набавки. Управниот одбор на МРТ нема донесено пишан акт за начинот и постапката на склучување на овие договори со кој би се воспоставил механизам за контрола и следење на спроведувањето на годишниот финансиски план на МРТ во делот на програмските права.

Работоводните органи на МРТ во 2005 и во април 2011 година имаат донесено „Правила за постапка при склучување на договори„ број 02-3466/1 и број 02-3417/1, кои не секогаш се почитуваат во целост и не обезбедуваат транспарентност и разграничување на должностите при склучувањето на договорите од причина што се донесени од лица кои ги потпишуваат договорите.

Ваквиот начин на реализација на програмските активности на МРТ создава можност од субјективен пристап при склучување на одредени договори, намалена транспарентност, пречекорување на планираните средства за откуп на одредени манифестации и ризик од ненаменско трошење на јавните средства.

**Препорака:**

Управниот одбор на МРТ да донесе пишан акт за начинот и постапката на склучување на договорите за програмски активности со што ќе се овозможи транспарентност при нивното склучување и економичен, ефикасен, и ефективен начин на управувањето со јавните средства.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. МРТ е основана од Собранието на Република Македонија во јануари 1998 година со Законот за основање на Јавното претпријате Македонска радио телевизија. Претпријатието е запишано со Решение Трег. бр. 2128/2000 од 01.06.2000 година во трговскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 без притоа да се наведе износот на средствата на основачкиот влог на основачот на претпријатието. Ваквата состојба не е во согласност со член 10 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија во кои е уредено дека со актот за основање покрај другото се утврдува износот на средства за основање и начинот на нивното обезбедување. Утврдената состојба има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаниот Државен јавен капитал во износ од 420.020 илјади денари.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со осничачот – Собранието на РМ да ги превземат потребните активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието и да се изврши негово упишување во Централниот регистар.

4.2.2. Со увид во начинот на функционирање на финансиското управување и контрола во МРТ за годината предмет на ревизијата констатирано е дека единицата за внатрешна ревизија функционира без потребниот број на внатрешни ревизори. Во 2004 година назначено е едно лице – Стручен соработник број 2 во одделението за внатрешна контрола кое треба да ја обавува функцијата внатрешен ревизор, без притоа соодветно да се организира единицата на внатрешна ревизија и да се назначи раководител на одделението за внатрешна ревизија. Ревизијата не доби на увид изработени ревизорски извештаи за периодот на

ревизија. Несоодветниот број на човечки ресурси во единицата за внатрешна ревизија не е во согласност со член 31 точка 1 алинеа 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, според кои раководителот на субјектот од јавниот сектор основа единица за внатрешна ревизија со најмалку три внатрешни ревизори и раководител доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 500 милиони денари. Ваквата состојба создава можност од не соодветно, ефикасно и објективно спроведување на процесите на управување со ризиците од работењето, контролата и управувањето со финансиските средства на МРТ и недоволна поддршка на органите за управување и раководење за остварување на целите на субјектот.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење да превземат мерки и активности за воспоставување, организирање, и соодветно функционирање на единица на внатрешната ревизија.

4.2.3. МРТ при пресметката на платата го нема имплементирано концептот на бруто плата. МРТ нема изработено нови акти за исплата на плата не се променети менаџерските договори, решенијата и договорите за работа на вработените нема извршено измена на коефициентите и вклучување во бруто плата надоместокот за исхрана за време на работа и надоместокот за превоз до и од работа. Пресметката на платата во софтверот се врши од нето кон бруто со додавање на надоместоците за храна и превоз во апсолутни износи врз основа на одлука. ЈП МРТ платата и понатаму ја пресметува врз основа на Колективниот договор на МРТ од 2006 година и Правилникот за организација и систематизација од 2004 година, кој до 2007 година има претрпено над десет измени и дополнувања без изработен пречистен текст со сите измени. Со овој Правилник не се определени бројот на извршителите по работни места што остава простор за субјективизам при доделувањето на работните задачи на вработените и ризик од несоодветно организирање и искористување на работната сила како и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од нови вработувања. Во 2007 година,

Управниот одбор ги усвоил предложените систематизација и внатрешна организација од странскиот извршен директор, согласно санационата програма. Оваа систематизација и организација во МРТ не се имплементирни до 2010 година во најголем дел поради тоа што не ја отсликувала реалната состојба во МРТ како и разликата во бројот на вработени кои требало да се прогласат за технолошки вишок. Ваквиот начин на пресметка на платата во МРТ не е усогласен со Законот за работни односи и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со што не е обезбедена задолжителност и усогласеност на основиците на кои се плаќаат придонесите и не е создаден основ за интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок од доход.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат конкретни мерки и активности за изработка и имплементација на нови акти за организација и систематизација на работните места согласно новонастанатите состојби и потреби во МРТ, промена на решенијата и договорите за работа на вработените со што ќе се создаде основ за пресметување на платата врз основа на концептот на бруто плата.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Во финансиските извештаи на МРТ искажани се материјални средства: земјиште, градежни објекти од нискоградба, високоградба и останати градежни објекти чија сегашна вредност изнесува 396.911 илјади денари. За евидентираните материјални средства на ревизијата не и беа ставени на увид соодветни релевантни ревизорски докази со кои може да се констатира дали имотот евидентиран во сметководствената евиденција е во целосна сопственост на МРТ Скопје. Ненавременото превземање активности за задолжително запишување на правото на користење, управување и располагање со недвижности во јавната книга не е во согласност со член 148 од Законот за сопственост и други стварни права и член 158 од Закон за катастар на недвижности. Утврдената состојба влијае на ограничување на делокругот на ревизијата и неможност од потврдување на

реалноста и веродостојноста на искажаните податоци на материјалните средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење во соработка со основачот, Собранието на РМ, да ги превземат потребните мерки и да ги обезбедат потребните документи за докажување на сопственоста на матерјалните средства и да извршат нивно упишување во јавната книга.

4.3.2. МРТ во својата сметководствена евиденција за 2010 година има искажано побарувања и приход од радиодифузна дејност во вкупен износ од 193.418 илјади денари. Евидентирањето на побарувањата и приходот од радиодифузна такса, МРТ го врши на модифицирана основа односно врз основа на податоците за наплатените парични средства од радиодифузна такса. Причината за овој начин на евиденција и воспоставени сметководствени политики на МРТ е поради нискиот процент на наплата на радиодифузната такса и можноста од искажување на приход чија наплата е неизвесна. Ваквиот начин на евиденција на побарувањата и приходот од радиодифузна дејност не е во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговски друштва, член 7 од Законот за јавни претпријатија, точка 22 од Рамката за подготвување на финансиски извештаи и точка 27 од МСС 1. и МСС 18 – Приходи. Цитиранита законска регулатива пропишува смеководството да се води на пресметковна основа. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно искажување на позициите во финансиските извештаи во делот на побарувањата и приходот од радиодифузна такса.

**Препорака:**
Надлежните органи на управување и раководење на субјектот да превземат активности евиденција на радиодифузната такса да се врши на пресметковна основа со што реално и објективно ќе се искажат приходот и побарувањата.

4.3.3. МРТ има искажано приход од Субвенции и дотации за парични средства добиени наменски од Владата на РМ во вкупен износ од 60.645 илјади денари. Средствата се трансферирани на 29.12.2010

година од Министерството за финансии – функции на државата по Одлука на Влада број 51-7485/1 од 07.12.2010 година за реализација на Акциониот план за премин од аналогно во дигитално тестеријално телевизиско емитување. Ваквиот начин на евиденција не е во согласност со точките 12 и 13 од МСС 20 - Сметководство на државна подршка. Согласно овој стандард државните подршки треба да бидат признаени во добивката или загубата на систематска основа во периодите во кои ентитетот ги признава како расходи поврзаните трошоци за кои подршките се наменети или капиталниот пристап според кој државната подршка се признава надвор од добивката и загубата. Овој начин на евидентирање на наменски добиените средства како државна подршка од Владата на РМ предизвикува нереално и необјективно искажување на приходот и на искажаниот финансискиот резултат на МРТ за 2010 година.

**Препорака:**
Надлежните органи на управување и раководење на субјектот да превземат активности за соодветна примена на усвоените сметководствени политики за начинот на искажување на државни подршки и обелоденување на тие подршки во финансиките извештаи.

**Информациони системи**

4.3.4. Согласно законот за радиодифузна такса, работите во врска со пресметувањето, наплатувањето и насочувањето на средствата од радиодифузната такса на законските обврзници, како и водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузна такса да ги врши МРТ. Во 2006 година Македонската радио телевизија има набавено апликативно решение за водење на регистар за наплата на радиодифузна такса.

Со извршената ревизија на апликативната програма за водење регистарот за наплата на радиодифузна такса констатирани се следните состојби:

- Не е воспоставена процедура, т.е. апликативна форма преку која автоматски од апликацијата ќе се вчитуваат податоците за обврзниците за радиодифузна такса –

правни и физички лица. Има можност само за поединечен внес на обврзници, не и за групни (масовни) податоци.

- ажурирањето на регистарот со правните субјекти, кои се превземаат од Централниот регистар на РМ се врши од страна на производителот на софтверското решение – надворешен соработник, но не со користење на апликативна форма.
- нема релевантен извор на обврзници – физички лица. Последно масовно ажурирање на регистарот со обврзници - физички лица е извршено во јуни 2006 година, а поединечни ажурирања на податоците се врши на самоиницијативно барање на странката-физичко лице.
- апликацијата не врши вчитување на електронските изводи од банка во регистарот и нивно ажурирање, според тоа нема и автоматска обработка за реализираната (наплатената) уплата на радиодифузна такса.

Ревизијата не можеше да се увери дека вака воспоставениот систем за водење на регистарот на обврзници на радиодифузна такса односно дека податоците кои се генерираат од истиот се веродостојни, целосни и точни поради што постои ризик од неточно, нецелосно и невистинито утврдување на побарувањата радиодифузна такса и реализираната наплата.

**Препорака:**
Надлежните органи на управување и раководење да превземат активности за воспоставување на систем за навремено, целосно и точно ажурирање на податоците за обврзниците на радиодифузна такса и тоа:

- да се донесе пишана процедура за начинот на следење на промената на состојбата на обврзниците – физички и правни лица,
- Да се воспостави соработката со органите на државната управа кои располагаат со регистри за физички и правни лица, како и со Управата за јавни приходи која со измените на Законот за радиодифузна дејност од 01.01.2011 ги врши пресметувањето, утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса со цел ажурирање на податоците.

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 7.285 илјади денари и тоа:

- Спроведени се постапки за јавни набавки во 2009 и 2010 година, со нивна реализација во 2010 година во износ од 6.473 илјади денари, за набавка на стоки и услуги (прилог број 2), за кои не е почитуван во целост Законот за јавни набавки поради следново:
  - Рокот на склучување на договорите за јавна набавка е пократок од 12 дена сметајќи го денот на приемот на одлуката за избор на најповолна понуда (член 208 од ЗЈН) и
  - Со реализација на договорите за јавни набавки извршено е надминување на износот на истите, без притоа да биде спроведена соодветна постапка за јавна набавка (член 99 во врска со член 26 став 3 од ЗЈН ).
- Извршена е набавка на стоки (столарски материјали) од повеќе добавувачи во износ од 812 илјади денари, без да се спроведе постапка за јавна набавка (прилог број 2);

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавните набавки предизвикува можност од необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи на управување и раководење на субјектот да превземе мерки за отстранување на недостатоците во примената на одредбите од законската и подзаконската регулатива која ја регулира оваа материја при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

4.4.2. МРТ во финансиските извештаи за 2010 година има искажано приход од радио и ТВ реклами во вкупен износ од 46.699 илјади денари. За користење на рекламното време од страна на други субјекти склучени се повеќе договори со кои се уредуваат

меѓусебните права и обврски. Со увидот во договорите, ценовниците, фактурите, терминските планови, помошната и друга евиденција ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти и тоа:

- На 17.01 2006 година од страна на Управниот одбор на МРТ донесен е Ценовник за маркетиншки услуги број 02-358/2, дополнет со Одлука број 02 – 3765/2 од 27.06.2006 година, без да се добие согласност од основачот што не е во согласност со член 11 од Законот за јавни претпријатија,
- Со Ценовникот е предвидено дека цените за преноси и снимки од настаните од меѓународниот спорт, летна и зимска олимпијада, лига на шампиони, Светско и европско првенство во фудбал, кошарка, ракомет и друго , цените за рекламирање на емисии посветени на специјалните музички настани, се формираат со специјална понуда. Во текот на ревизијата презентирана е само Специјална понуда за Светското првенство во фудбал, додека Специјални понуди за користеното рекламно време во преносите од другите значајни настани кои се емитувале во текот на 2010 се доставени дополнително со забелешките на Нацрт извештајот и за кои се произнесовме во одговорот на забелешките,
- Презентираните понуди како за Светското првенство во фудбал така и за дополнително доставените понуди не се одобрени од Управниот одбор на МРТ,
- За искористеното рекламно време во извршените преноси од Светското првенство во фудбал од страна на маркетиншки агенции склучени се договори и изготвени се фактури со опис " Пакет емитувања на реклами во тек на преносот" изразени во вкупна вредност, без да се наведе што содржи истиот пакет, во кој временски период ќе се изврши рекламирањето, колку време ќе трае и која е цената по минута за наведениот термин на емитување.

Поради горенаведеното ревизијата не е во состојба да утврди со колку рекламно време располага субјектот, дали целокупното искористено рекламно време од страна на маркетинг агенциите е фактурирано и по која цена.

Ваквиот начин на утврдување на приходот на МРТ од реклами не се во согласност со МСС 1, МСС 18 , член 469 и член 472 од Законот за трговски друштва и има за ефект нецелосно и неточно утврдување на приходот од реклами, создава можност од нерационално користење на времето предвидено за реклами и остварување на помалку приходи по овој основ.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во јавното претпријатие:

- да превземат активности за донесување на Ценовник за маркетиншки услуги и да обезбедат согласност од основачот,
- да се подобри системот на интерни контроли со донесување на пишани процедури за начинот на реализација на маркетиншките услуги, издавањето на рекламното време, начинот на склучување на договорите и начинот на фактурирање од кои може да се согледа транспарентноста и законитоста на целата постапката.

4.4.3. На 03.07.2009 година склучен е Договор за соработка со домашно правно лице број 01-VII/2009 со рок на важење една година, за подготовка на ТВ Проект – Интерактивна телевизиска трибина под наслов „отворено со народот - народен парламент„. Според условите наведени во договорот договорените страни се обврзуваат на следното:

- ТВ Проектот да се емитува на Сателитскиот канал на МТВ и на првиот програмски сервис на МТВ во редовен термин во 21,21 часот секој петок, со едно репризно емитување на собраниски канал во траење од 90 минути,
- како надомест за отстапените права на емитување, МРТ се обврзува на Авторот да му обезбеди рекламен простор во траење од една половина од вкупниот дозволен рекламен простор во емисијата.

Ревизијата констатира дека во договорот не е определена вредноста на проектот, не е прецизирано колку емисии ќе се емитуваат и која е нивната вредност, не е утврдено колку рекламно време ќе користи, по која цена и вредност како и последиците од пречекорување на дозволеното време. Склучениот договор не е во согласност со одредбите од член 91 став 2 од Законот за радиодифузна дејност, согласно кој освен

играната, спортската и забавната програма, јавниот радиодифузен сервис не може да ги прекинува своите програми заради емитување на реклами.

Во сметководствената евиденција на МРТ по горе наведениот договор не се евидентирани трансакции на приходи, расходи, побарувања и обврски спрема овој правен субјект. Ваквиот начин работење не е во согласност со ММС 1, член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и има за ефект нецелосно и нереално утврдување на приходите, расходите, меѓусебните побарувања и обврски, обврските за данокот на додадена вредност и создава можност од користење на расположивото рекламно време на Јавниот радиодифузен сервис од страна други субјекти и нанесување на штета на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење задолжително да ги пропишуваат сите елементи при склучувањето на договорите предвидени со Законот за облигациони односи при тоа имајќи го во предвид видот на програмата која дозволува емитување на реклами.

4.4.4. Во сметководствената евиденција на МРТ евидентирани се Аванси за набавка на суровини и материјали кои потекнуваат од 2008 година во вкупен износ од 1.476 илјади денари. Евидентирањето на овие аванси е извршено врз основа на плаќања кон добавувчите по основ набавка на стоки и услуги. И покрај барањата од страна на Секторот за финансиско работење упатено до тогашниот работоводен орган за доставување на документација за извршеното плаќање до денот на ревизијата не се доставени документи од каде ќе се согледа основот на извршеното плаќање. Ваквиот начин на работење, непостоењето на целосна и веродостојна документација за извршените плаќања не е во согласност со одредбите од член 472 од Законот за трговски друштва и има за ефект не реално и не објективно прикажување на наведените позиции во финансиските извештаи и можност од ненаменско и незаконско трошење на парични средства.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат активности за утврдување на реалната состојба за извршените плаќања.

4.4.5. Под 31.12.2010 година евидентирани се Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања во вкупен износ од 2.622 илјади денари од кои 2.239 илјади денари се однесува на побарувања од вработените за аконтации за службен пат во странство. Исплатените аванси за службени патувања во странство не се враќаат во рок од 7 дена по завршување на патувањето како што е предвидено во Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, туку во најголем број случаи враќањето е со задоцнување од неколку месеци, па дури и години. Со годишниот попис и пописната комисија ја констатирала оваа состојба и предложила истите да бидат предмет на анализа со цел да се утврдат причините кои допринеле за ваквата состојба. Непочитувањето на наведените акти предизвикува субјективен пристап во утврдување на потребата од исплати за аванси за службени патувања во странство и има за ефект кредитирање на поединци и можност од ненаменско и незаконско користење на јавните средства.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење со претпријатието да пропише и примени процедура за начинот на планирање и одобрување на службените патувања во странство, исплатата на аконтациите за службен пат во земјата и странство и потребните документи за оправдување на исплатените средства.

4.4.6. Во финансиските извештаи за 2010 година искажани се трошоци за надоместоци на членовите на Советот и Управниот одбор во вкупен износ од 2.759 илјади денари. Согласно Законот за радиодифузна дејност Советот на МРТ брои 23 члена и истиот добива надоместок во висина на една третина од просечно исплатената плата во Република Македонија. Управниот одбор кој е составен од седум члена избрани од Советот на МРТ добива месечен надоместок кој го утврдува Советот на МРТ. Месечниот

надоместокот за 2010 година за членовите на Управниот одбор изнесува 28.900 денари за претседателот, 26.700 денари за заменикот и 24.400 денари за членовите. На 32 - та седница, одржана на 29.01.2007 година, Владата РМ донела Заклучок за институциите од јавниот сектор во која спаѓа и МРТ, висината на надоместокот на членовите на управниот одбор и советот да ја прилагодат согласно финансиските можности на институцијата. Согласно Заклучокот на Владата на РМ висината на надоместокот може да биде најмногу до 9.000 денари за председател и до 7.000 денари за членовите на управниот одбор и советот. Владата на РМ на 69 седница одржана на 29.06.2010 година ја задолжила МРТ да ја усогласи висината на надоместоците на членовите на управниот одбор со политиките на Владата на РМ. И покрај конкретно добиените насоки од Владата на РМ, надоместоците не се усогласени и истите се исплатувани по горенаведените износи. Непочитувањето на мерките за заштеда придонеле како надомест по овој основ да се одлеат парични средства во поголем износ што има за ефект ненаменско и не економично трошење на јавните средства.

**Препорака:**
Надлежниот орган за управување и раководење, поради неповолната финансиска состојба на МРТ да ја усогласи и намали висината на надоместокот за членовите на Управниот одбор со насоките на Владата на РМ.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.1. 4.3.1; 4.3.2; 4.3.3; 4.4.2; 4.4.4 и 4.4.5,. е неможност за потврдување на реалноста и веродостојноста на презентираните податоци во финансиските извештаи за: основачкиот влог, имотот во износ од 396,911 илјади денари, побарувањата и приходот од радиодифузна такса во вкупен износ од 193.418 илјади денари; приходот од дотации и субвенции во износ од 60.645 илјади денари, приходот од радио и ТВ реклами во износ од 46.699 илјади денари, побарувањата за дадени аванси за стоки и услуги во износ од 1.476 илјади денари, побарувањата за дадени аванси на вработени во износ од 2.239 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1. и 4.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавното претпријатие Македонска радио - телевизија на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2, 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие Македонска радио - телевизија не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Согласно член 119 од Законот за радиодифузна дејност дел од програмските сервиси на МРТ се финансираат од Буџетот на Република Македонија во согласност со посебните финансиски планови донесени од МРТ кои се одобруваат од Собранието на РМ.

Согласно член 116 од Законот за радиодифузна дејност, МРТ е должна за средствата што ги користи од Буџетот на РМ добиени да води посебно сметководство врз основа на кое до Собранието на РМ треба да достави посебен Годишен извештај за резултатите од работењето за претходната година. Неискористените средства добиени од Буџетот, МРТ е должна да ги врати во Буџетот на РМ.

Во март 2010, Собранието на РМ има усвоено шест одлуки за одобрување на финансиските планови на МРТ за редовни и инвестициони активности за неколку програмски сервиси, со кои треба да се обезбедат средства од Буџетот на РМ за 2010 година во вкупен износ од 207.222 илјади денари.

Во 2010 година од Буџетот на Република Македонија по овие одлуки на Собранието на РМ не се префрлени средства на МРТ. Министерството за финансии – функции на држава, врз основа на Одлуки на Владата на РМ за одобрување на средства за финансиска поддршка, преку ставката

Субвенции за јавни претпријатија на МРТ има префрлено средства во износ од 357.000 илјади денари, како финансиска поддршка на МРТ за реализација на активностите предвидени со санационата програма.

Санационата програма на МРТ е изработена од страна на странски извршен директор ангажиран од Владата на РМ во 2007 година. Санационата програма што беше доставената на увид на ревизијата преставува составен дел на судски предмет изработена на неколку страни и истата ги разгледува причините и предлага можни решенија за надминување на состојбите и за радикална реорганизација на МРТ. Со санационата програма МРТ треба да го рационализира своето работењето, да подготви премин кон дигитализација до 2012 година, да се намали бројот на вработените, да се изврши кадровска реорганизација со вложување во едукација и подготвување за работа со нови технологии, да се подобри програмата, да функционира транспарентно, да се воведе коректно вреднување на работата и да се донесе нова систематизација и организација. Од 2007 до 2010 година по основ на санационата програма, поради финансиската неликвидност, малата и неефикасна наплата на радиодифузната такса и недоволниот приход по други основи а со цел опстојување на јавниот радиодифузер на РМ, Владата на РМ на МРТ од Буџетот има префрлено 1.833.928 илјади денари. Овој начин на финансирање на МРТ односно добивање на државна подршка од Владата на РМ не е во согласност со Законот за радиодифузна дејност и ја намалува транспарентноста и отчетноста на трошењето на средствата од Буџетот на РМ кон основачот– Собранието на РМ со цел превземање на соодветни мерки и активности за надминување на неповолната состојба и континуитет во работењето на јавниот радиодифузер на Република Македонија.

6.2. МРТ заклучно со 31.12.2010 година во сметководствената евиденција има искажано обврски спрема државата по основ на кредити, камати , даноци и придонеси вкупен износ од 214.308 илјади денари и тоа:

- обврски по долгороични кредити од Париски и Лондонски клуб чија достасаност е во нареден период во вкупен износ од 61.354 илјади денари;
- доспеани, а не платени рати од долгорочните кредити заклучно со 31.12.2010 година во вкупен износ од 51.550 илјади денари, камата за ненавремено плаќање на истите во износ од 20.650 илјади денари, казнена камата во износ

од 18.010 илјади денари и трошоци на банката во износ од 2.302 илјади денари или вкупно 92.512 илјади денари.

- обврски за данок на додадена вредност во износ од 43.713 илјади денари и обврски за данок на добивка во износ од 16.729 илјади денари за кои согласно одредбите на Законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија, односно општините или Градот Скопје добиено е Решение од Министерството за финансии Управа за јавни приходи да ги плаќа на рати со грејс период од 36 месеци заклучно со 19.02.2013 година со право на отпис на каматата за истите.

Заради влошената финансиска состојба (неповолна солветност) МРТ Скопје не ги измирува претходно наведените обврски. Ваквата состојба може да предизвика отуѓување на дел од имотот на МТВ Скопје, зголемување на обврските на име камати и намалување на квалитетот во извршувањето на оваа дејност од јавен интерес за Република Македонија.

**Судски постапки**

6.3. МРТ во 2008 година има евидентирано опрема на инвестиции во тек во вкупен износ од 36.058 илјади денари (оваа вредност е искажана и во финансиските извештаи за 2010 година). Опремата е набавена врз основа на склучен е Договор број 03-4667/1 од 01.07.2008 година помеѓу МРТ и правен субјект од Љубљана по претходно донесена Одлука за давање согласност за склучување на договор од Управниот одбор за купопродажба на набавената опрема. Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со преносот на правото на сопственост на студиски системи инсталирани на седмиот кат на МРТ. За постојните студиски системи по одлука на Управниот одбор број 02-6279/1 од 04.10.2007 извршена е стручна техничка екпертиза и проценка од независна компанија и истата е составен дел на договорот. Цената на постојните студиски системи содржани во спецификацијата које е приложена кон договорот изнесува 475 илјади евра без вклучен ДДВ. Иако вредноста на опремата би требало да се намали за износот на отпишаниот дел (амортизација) со договорот е регулирано дека треба да се зголеми за износот на амортизација за периодот од седум години. Со договорот МРТ се согласила на другата страна покрај цената утврдена во договорот, да и остапи право на користење на рекламно време на

програмските сервиси на МРТ во износ од 237 илјади евра без ДДВ. МРТ и овозможува на другата договорна страна да може да ги користи маркетиншките услуги со 20% попуст во цените. По основ на договорот изготвен е записник број 02-4779/1 од 09.07.2008 година за примопредавање на опремата врз основа на спецификација од инсталирани системи. Од извршена стручна екпертиза од страна на консултантската куќа Промо Сименс констатирани се повеке наоди: како краток опис на постоечкиот систем, генерална оценка на функционалноста на системот како и вредноста на опремата. Во врска со вредноста на опремата во стручната експертиза дадена е вредноста за целата опрема и истата не одговара на збирот на поединечните вредности на опремата содржани во спецификацијата од проценителот, односно со вредноста наведена во купопродажниот договор. Поради ваквата сосотојба Секторот за финансиски прашања има доставено барање број 05-5045/1 од 28.07.2008 година до консултантската куќа за дополнување на екпертизата со поединечни износи на опремата која би одговарала на вкупниот износ со што би можеле да се стават средствата во евиденција. Владата на Република Македонија на педесеттата затворена седница одржана на 29.06.2007 година има донесено заклучок, Министертвото за транспорт и врски и МРТ да изготват предлог за разрешување на состојбата со опремата од ТСЕ студио на 7 миот кат на МРТ. Ревизијата констатира дека за набавката на оваа опрема не е спроведена постапка за јавна набавка фактурите не содржат поединечни вредности на опремата за да истата се признае како опрема во сметководствената евиденција на МРТ. Заклучно со 31.12.2010 година од страна на МРТ платени се само 2 рати од договорот. Купопродажбата на оваа опрема е предмет на судски спор.

6.4. Против МТВ во тек се судски постапки за неизмирени обврски и тоа:

- Тужба од Јавното претпријатие за аеродромски услуги “Македонија “ Скопје по Договор за заем број 03-883/1 од 02.02.2007 година во износ од 2.600 илјади евра или во денарска противвредност 159.095 илјади денари со рок на враќање од две години;
- Тужба од Министерството за финансии – Биро за стокови резерви за позајмени 3.104.251 килограми мазут по Одлука на Владата на Република Македонија од 26.01. 2004 година со рок на враќање до 31.10.2004 година или плаќање на позајмената количина на мазут по цена која важи на денот

на плаќањето. На 31.12.2010 година вредноста на оваа количина мазут изнесува 95.544 илјади денари.

- Две тужби од ТАРБС ЕУРОПА СА за закуп на сателитски сегмент за емитувањена МКТВСАТ над Европа по која вредноста на обврската заклучно со 31.12.2010 година изнесува 62.544 илјади денари, тужба од ТАРБС ЕУРОПА по основ на камата за задоцнето плаќање по која како тужени странки се Република Македонија, Министерство за транспорт и врски, МРТ и МРД односно МРТ е трето обвинета странка во спорот.

Имајќи ја во предвид висината на тужбените барања во делот на главниот долг, евентуалните пресметани и признаени камати и судските трошоци за водење на постапката ќе создаде можност за влошување на солветноста и ликвидноста на претпријатието.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со основачот да превземат конкретни мерки за подобрување на начинот на кој се извршува дејноста МРТ за надминување на неповолната финансиска состојба.

МАКЕДОНСКА РАДИО - ТЕЛЕВИЗИЈА

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| ОПИС | Образло-жениja | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 202,562 | 66,639 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 3.2. | 6 | 140 |
| Останати деловни приходи | 3.3. | 509,359 | 402,048 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **711,927** | **468,827** |
| | | | |
| Залиха на почетокот на периодот | 3.4. | 619 | 640 |
| Залиха на крајот на периодот | 3.5. | 576 | 425 |
| Материјални трошоци | 3.6. | 90,350 | 79,947 |
| Трошоци за бруто плати | 3.7. | 290,258 | 297,805 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.8. | 16,931 | 18,870 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.9. | 35,479 | 40,636 |
| Останати оперативни трошоци | 3.10. | 234,217 | 171,478 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **667,278** | **608,951** |
| | | | |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.11. | 19,163 | 16,904 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.12. | 1 | - |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.13. | 36,435 | 24,420 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | 27,378 | (147,640) |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | 27,378 | (147,640) |
| | | | |
| **Данок од добивка** | | **3,010** | **2,848** |
| | | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | 24,368 | (150,488) |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## МАКЕДОНСКА РАДИО - ТЕЛЕВИЗИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 83,694 | 42,939 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 132,702 | 86,277 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 2,663 | 2,663 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 4,889 | 7,014 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 3,091 | 26,753 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.6. | 3,834 | 3,540 |
| Залихи | 4.7. | 5,538 | 7,929 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 4.8. | 1,268 | 1,269 |
| **Вкупно тековни средства** | | **237,679** | **178,384** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.9. | 463,258 | 468,662 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.10. | 1,009 | 1,008 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **464,267** | **469,670** |
| **Вкупна актива** | | **701,946** | **648,054** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.11. | 375,281 | 391,052 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.12. | 127 | 258 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 4.13. | 496 | 1,071 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.14. | 251,608 | 242,339 |
| Останати краткорочни обврски | 4.15. | 149,146 | 200,266 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.16. | 17,297 | 14,249 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **793,955** | **849,235** |
| | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.17. | 140,155 | 62,245 |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.18. | 421,293 | 421,243 |
| Резерви | 4.19. | 137,073 | 137,073 |
| Нето добивка | 4.20. | 24,368 | 0 |
| Пренесена загуба | 4.21. | 814,898 | 671,254 |
| Загуба за финансиска година | | 0 | 150,488 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **-256,532** | **-263,426** |
| **Вкупна пасива** | | **701,946** | **648,054** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

***Ревизорски тим:*** ***Овластен државен ревизор***

1.______________________

2.______________________ ________________________________

МАКЕДОНСКА РАДИО - ТЕЛЕВИЗИЈА

П Р Е Г Л Е Д
ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **421,243** | **137,073** | - | - | **(821,742)** | **(263,426)** |
| Уплати на акции | | - | | - | | - |
| Добивка за финансиска 2010 година | | | | 24,368 | | **24,368** |
| Распределба на добивката за 2010 година во корист на капиталот и резервите | | | | | | - |
| Распределба на добивката за 2010 година за дивиденди | | | | | | - |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | | - |
| Распределба на ревалоризац. резерва | | | | | | - |
| Загуба за финансиска година | | | | | - | - |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | | | | | | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите -Фонд на солидарноста и исправки од мината година | 50 | | | | 6,844 | **6,894** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **421,293** | **137,073** | - | **24,368** | **(814,898)** | **(232,164)** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

| | |
|---|---|
| **МАКЕДОНСКА РАДИО - ТЕЛЕВИЗИЈА** | |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА** | |
| | во 000 денари |
| | **2010/2009** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **27,378** |
| | |
| Амортизација | 16,931 |
| Ттрошоци од поранешни години и пресметани камати | 783 |
| Приходи од отпис на обврски | (37,752) |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 16,687 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 121 |
| Данок од добивка | 3,010 |
| Вредносно усогласување на стокови резерви | 16,330 |
| **Готовински текови од работење** | **43,488** |
| Побарувања по основ на продажба | (46,425) |
| Други краткорочни побарувања | 2,125 |
| Платени трошоци за идните периоди | 23,662 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (294) |
| Залихи | 2,391 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 1 |
| Обврски спрема добавувачи | (15,771) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (131) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (575) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 9,269 |
| Останати краткорочни обврски | (51,120) |
| Одложени плаќања на трошоци | 3,048 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(30,332)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (6,823) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(6,823)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | 77,910 |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **77,910** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **40,755** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **42,939** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **83,694** |
| | |
| Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи | |

**М Р Т МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

Бул. Гоце Делчев бб, 1000 Скопје

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-1876/1
25-08-2011 год.
СКОПЈЕ

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Ул. " Македонија " -12/3

1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
31.08.2011
19-169/6

Скопје, 24.08.2011 год.

ПРЕДМЕТ: ЗАБЕЛЕШКИ КОН НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ НА ДРЖАВЕН РЕВИЗОР БР. 19-189/3 ОД 26.07.2011 ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Работоводниот орган на МРТ на Нацртот на Извештајот ги дава следниве забелешки:

Забелешка на наодот 4.3.2

Сметаме дека квалификацијата во наодот за неусогласеност со наведените членови од ЗТД и Законот за јавни претпријатија е プреширока и може да наведе на погрешен заклучок за пристрасност во финансиското известување иако реално, токму со цел да се обезбедат непристрасни финансиски извештаи е прифатена сметководствена политика која гарантира најверодостојно мерење на значајни позиции во финансиските извештаи.

Според наше мислење наодот и преопраката треба да се иземат од конечниот извештај или да се преформулираат на начин кој би укажал дека се работи за неслагање на ревизорите со разумноста на направената проценка и дека причините и потребните активности за надминувањето на состојбата се надвор од контрола на МРТ.

Образложение:

Според наше мислење измената на сметководствените политики и прифаќањето на модифицираниот принцип на признавање на приходи од радиодифузна такса (РДТ) во 2010 година претставува најдобро можно усогласување со барањата на член 469 и 472 од Законот за трговски друштва (ЗТД) и Правилникот за водење сметководство чиј составен дел е преводот на меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) поради околностите кои постојат во моментот на изготвување на финансиските извештаи за 2010 година и кој се надвор од контрола на МРТ. Раководството на МРТ со усвојување на ваква сметководствена политика постапува согласно со МСС 8.10 до МСС 8.12 и е целосно во согласност со наведените законски одредби. Дополнително прикажаните износи во

финансиските извештаи претставуваат значајни проценки согласно МСС 8.32 и нивното користење не ја намалува веродостојноста на финансиските информации согласно МСС 8.33

Целосна имплементација на принципот на настанатост би довела до нереално и необјективно прикажување на позиции во финансиските извештаи и би било во конфликт со целта на финансиските извештаи како што се дефинирани во Рамката на МСФИ и МСС 1.15 дополнително резултирајќи со флуктуации во финансискиот резултат кои не би биле одраз на реаланите промени во финансиската позиција и успешност на МРТ туку предизвикани од измени на правната рамка која ја регулира пресметката и наплатата на РДТ.

РДТ е приход кој не претставува трансакција на размена кои трансакции се од примарен интерес на МСФИ така да отсуствува посебен стандард кој би бил применлив на дефинирање, признавање, мерење и обелоденување на трансакциите поврзани со нејзината пресметка и наплата. Согласно МСС 8.10 во таквите околности раководството користи расудувања со цел да обезбеди релевантна и веродостојна информација.

Согласно МСС 8.11 редоследот на применливоста е други МСФИ, кои во случајот ги нема и дефинициите, критериумите за признавање и концептите на мерење во Рамката.

Рамката во точка 82 ги утврдува критериумите за признавање како веројатност од прилив и одлив на економски користи и можноста истата веродостојно да се измери.

РДТ е такса дефинирана во Законот за радидифузна дејност (Служен весник број 100 од 2005 година) како јавна давачка чии обврзници се семејните домаќинства, хотели и мотели, правни лица и сопственици на деловен простор, сопственици на угостителски и други јавни објекти а целокупната активност околу регистарот, пресметувањето, утврдувањето и наплат6а се доверени на МРТ. Со измени на Законот објавени во Службен весник на Република Македонија број 145 од 05.11.2010 година надлежностите околу пресметувањето, утврдувањето и наплатата се доверени на Управата за јавни приходи.

Проблемите околу регистарот, изготвувањето, доставата и наплатата на РДТ се такви и толкави, надвор од можноста МРТ да влијаие на нив и објективни, што само нивното набројување далеку ќе го надмине секој разумен обем на оваа забелешка.

Тоа што ние сметаме дека е важно за расудувуњето на раководсвото на МРТ е свесноста за неможноста за веродостојно мерење на наплативиот износ на побарувања на РДТ од една во друга година како основа за признавање во сметководството согласно точка 82 од Рамката. Поради тоа иницијално се признава приход само во висина на наплатениот износ.

Со подобрување на наплатата и значајноста на износот на наплатени приходи во 2011 година а кои се настани во 2010 година раководството на МРТ реши да усвои нова сметководствена политика која ќе биде поадекватна во околностите. Поради претстоечката промена на носителот на надлежностите околу пресметувањето, утврдувањето и наплатата на РДТ и недоволната веројатност за наплата на РДТ од минати години во 2011 година беше утврдено дека единствено веродостојно може да се измери наплатата на приходи од минали години во јануари, 2011 година и усвои соодветна сметководствен политика.

Во рамки на расудувањето согласно МСС 8.12 беше разгледан и стандардот во јавниот сектор за настанатост кај трансакции кои не се размена . Согласно МССЈС 23.31 Прилив на ресурси од трансакција која не е размена ќе се признае само ако:

(а) Е веројатно дека идни користи или сервисен потенцијал ќе се влеат во ентитетот;

(б) Фер вредноста на средството може да се измери веродостојно

Согласно МССЈС 23.59 ентитетот ќе признае средство во однос на такси кога настанот кој е основа за таксата ќе се случи и кога критериумите за признавање на средство се исполнети.

Оценка на раководството на МРТ е дека и овој стандард не дозволува признавање на целокупното задолжување на обврзниците на РДТ како приход во годината кога е пресметано.

Раководството на МРТ постојано ги следи промените во степенот на наплата и ја унапредува евиденцијата на РДТ и ја има во вид потребата од подобрување на проценките во овој дел. При секоја промена на околностите која ќе овозможи натамошно приближување кон принципот на настанатост ќе се врши соодветно менување на усвоената сметководствена политика соглано МСС 8.14 и усогласување на проценките согласно МСС 8.37 со цел натаму да ја зголемува веродостојноста на финасиските информации кои ги обезбедува на корисниците. Сепак останува и прашањето на рамнотежата помеѓу трошоците и користите согласно Рамката точка 43 како ограничување на релевантните и веродостојните информации. Според наше уверување усвоената сметководствена политика обезбедува објективно презентирање на финансиските информации за МРТ за 2010 година во рамки на околностите кои претставуваат ограничувачки фактор за попрецизно мерење.

Забелешка на наодот 4.3.3

Раководството на МРТ не го применило МСС 20 на трансакцијата поради делокругот дефиниран во МСС 20.2 каде стои дека истиот не се однесува на државно учество во сопственоста на ентитетот. МРТ е целосно во државна сопственост и ја исполнува дефиницијата за бизнис ентитет во сопственост на Владата согласно Меѓународниот сметководствен стандард за јавниот сектор (МССЈС) 1.7.

На трансакцијата, во одсуство на адекватен МСФИ согласно МСС 8.10 и МСС 8.11 е применета точка 91 од Рамката поради настанато зголемување на средство без зголемување на обврските на МРТ. Согласно МСС 8.12 сличен третман би имала и според МССЈС 23.19 според кој во околностите износот претставуа средство под ограничувања, заради непостоење обврска да се врати доколку се потроши за намена која не одговара на првобитно предвидената, МССЈС 23.9 дефинира дека трансакцијата не претставува размена и согласно МССЈС 23.44 ваквата трансакција се признава како приход до износот на евентуално признаената обврска, која во случајот не постои.

Според наше мислење наодот и преопраката треба да се иземат од конечниот извештај или да се преформулираат на начин кој би укажал дека се работи за неслагање на ревизорите со применетата сметководствена политика но дека ставката е сепак дел од сеопфатната добивка за периодот согласно МСС 1.81

Образложение:

Според наше разбирање МСС 20 се однесува на ентитети во приватна сопственост согласно делокругот од МСС 20.2.

Покрај тоа во врска со дигитализацијата МРТ има трошоци кои не секогаш претставуваат долгорочни матерјални средства кои се амортизираат, како во 2010 така и во годините пред тоа па согласно МСС 20.20 таквиот износ треба да биде признаен како приход.

Сепак главна причина за одлуката е фактот дека државата во капацитет на сопственик секогаш може да додаде капитал или да вклучи обврска за враќање доколку се ненаменски потрошени. Бидејќи ниту едното ниту другото не е случај сметаме дека признавањето на приход во извештајот за сеопфатна добивка е соодветно за транскацијата која ги исполнува условите за признавање според МСС 20.7. Во крајна линија тоа може да се смета како неповратен заем согласно МСС 20.10. Во секој случај за да се избегнат сите можни недоразбирања а да не ги зголемува административните трошоци, раководството на МРТ во иднина ќе се обиде да ваквите средства ги добива во друга форма. Инаку овој износ е само мал дел од средствата потребни за целосна дигитализација, а кое е еден од приоритетите на европската агенда.

Во врска со наод 4.4.5 за побарувања од вработените за аконтации за службени патувања во странство информираме дека се постапува по член 9 и10 од Правилата за движење и постапување со финансиската документација бр.02-4368/1 од 09.07.2004 и до 07.04.2011година а после тоа по член 8 и 9 од Правилата за движење и постапување со

финансиската документација бр.02-3416/1 од 08.04.2011. Имено , аванс за службено пстување во странство се исплатува врз основа на Решение одобрено од Одговорни уредници и Извршни директори најкасно еден ден пред патувањето.

По завршеното службено патување работникот во рок од пет дена треба да поднесе Извештај за патувањето и да приложи соодветни документи за правдање на средствата што се земени како аванс. Извештајот предходно мора да биде одобрен од Одговорен уредник на програмски сервис и од Извршен директор.

Доколку во пропишаниот рок не се достави соодветна документација за ликвидирање на патниот налог за патување во странство, за износот на подигнатиот аванс по тој основ на лицето што патувало му се задржува од плата.

Појаснување кон наод 4.4.6, Советот на МРТ од страна на Извршните директори навремено со писмен допис е информиран за точките од Извадокот од Нацрт- записникот од шеесет и третата седница на Владата на Р.М. одржана на 21.04.20009 година за третиот пакет на антикризни мерки а во врска со заклучоците за намалување на надоместокот на членовите на Управниот одбор.

Прилог: Фотокопии од Правила за движење и постапување со финансиска документација бр.02.-4368/1 од 09.07.2004 и бр. 02-3416/1 од 08.04.2011

Забелешка на нацрт извештајот 4.4.1

Во врска со наводите дека при реализација на договорите е надминат износот појаснуваме дека реализација на дел од договорите е сеуште во тек, за што во прилог ви доставуваме примерок од истите.

Во врска со прилогот 3 во реден број 6 од наведената сума 369.276 е по договор за јавна набавка со бр.02-1376/1 од 16.02.2010 година.

По 13-те редни броеви наведени во прилогот, набавувана е стока од различна природа,односно различен вид, тип итн. како пр.: профили,талпи, принт..... и при тоа е применуван Член 11 од ЗЈН.

Глобалната оценка за неусогласеност со Закони и прописи, сметаме дека е престрога и не одговара на фактичката состојба бидејќи МРТ го има усогласено своето работење со голем број на Закони и други прописи.

Во врска со упишувањето на вредноста со основачкиот влог на МРТ и во непосредната комуникација со ревизорите на повеќе пати беше објаснувано дека со Законот за Македонската радиотелевизија, како лек специјалис, имотот на МРТ е прогласен за државен имот. Тешко би можело да се утврди основачкиот влог на МРТ од причини што постојат повеќе основачки акти со кои е основано прво Македонското радио, а потоа и Македонската телевизија.

Во делот на наоди и препораки во подточката 4,1 (систем на интерни контроли) констатирано е дека не е воспоставен целосен систем на интерни контроли.Ова прашање на повеќе пати беше дискутирано со ревизорите и не се дојде до усогласување на ставовите.

На ревизорите им беа презентирани Одлуки на Управниот одбор на МРТ за постапката за склучување договори, со кои на сите договори до 3000 евра односно до 6000 евра потребна е согласност на Управниот одбор на МРТ.

Ваквиот режим се применувал од 20.11.2007 година до 26.08.2010 година. Заради потребата од оперативно и брзо реагирање во врска со откупот на програма, Управниот одбор го укинал овој режим со насока да се зајакне транспарентноста и одговорноста во процедурата на склучување договори.

Со оглед на тоа, не може да се прифати констатацијата дека не е воспоставен целосен систем на контрола и не е обезбедена транспарентност.

Исто така, забелешка и препорака на ревизорите е дека актот за начинот и постапката за склучување на Договори за програмски активности треба да го донесе Управниот одбор на МРТ, а не Работоводниот орган на МРТ.

МРТ смета дека се работи за оперативно прашање од тековното работење, поради што нема потреба ова прашање да се уредува со опш акт, односно Правилник (кој би го донел Управниот одбор на МРТ како надлежен орган за донесување општи акти). Се работи за процедура која и досега е регулирана со Правила во рамките на надлежностите на Работоводниот орган на МРТ.

Во подточка 4, 2, 3 од Нацрт извештајот е наведено дека МРТ го нема имплементирано концептот на бруто плата, нема изработено нови акти за исплата на плата, не се променети менаџерските договори, решенијата и договорите за работа на вработените, нема извршено измена на коефицинетите и вклучување на бруто плата.

Сметаме за потребно да истакнеме дека Работоводниот орган на МРТ донесе Одлука бр.02-1274/1 од 10.02.2009 година, со која утврденото право на нето плата на вработените се зголеми за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси и за износот на трошоци поврзани со работа по основ на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани во согласност со Законот, Колективниот договор и Договор за вработување, со што се исполнети законските обврски и на вработените им се исплаќа бруто плата согласно Законот. Договори за вработување со бруто износ, сеуште не се склучени поради тоа што беше донесена нова систематизација во 2007 година, според која требаше да се склучат нови договори со бруто износ на плата, но оваа систематизација од причините наведени во образложението што е дадено подолу, сеуште не се примени.

Во врска со наводите дека со Правилникот за организација и систематизација на работни места од 2004 година и неговите измени не е определен бројот на извршители по работни места, што остава простор за субјективизам при доделување на работни задачи и субјективен пристап при одлучувањето за нови вработувања, појаснуваме дека во 2007 година е донесен нов Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места во МРТ, како и Табела за систематизација во која е определен бројот на извршители за секое работно место.

Со оваа систематизација беше утврден помал број на извршители – 746, од постојниот во МРТ во 2008 година – 1030 вработени. Со цел да се примени наведената систематизација, Управниот одбор на МРТ отпочна постапка за спроведување на технолошки вишок односно донесе Програма за спроведување технолошки вишок на 04.04.2008 година.

Меѓутоа, од донесување на програмата и отпочнување на постапката за технолошки вишок поминаа повеќе од 3 години, постапката не беше завршена поради определени неправилности во работата на комисиите, а во меѓувреме состојбите во МРТ целосно се изменија како во бројот на вработените (поради спогодбен престанок на работниот однос на околу 252 работници), така и во структурата.

Од тие причини, понатамошното продолжување на технолошкиот вишок стана беспредметно и истиот не се спроведе, со што не се создадоа можности за имплементирање на новата систематизација која има утврден број на извршители за секое работно место, и во МРТ остана да се применува систематизацијата од 2004 година со нејзините измени и дополнување.

Со оглед на ваквата состоајба сосема е прифатлива препораката за изработка на нови акти за организација и систематизација согласно новонастанатите состојби и потреби во МРТ.

Во подточката 4,4,2 е наведена забелешка дека на донесениот Ценовник на маркетингшки услуги не била добиена согласност од основачот што не било во согласност со член 11 од Законот за јавни претпријатија.

И ова прашање повеќе пати беше објаснувано на ревизорите со појдовна основа дека за МРТ постои посебен Закон, односно Законот за радиодифузна дејност и ова прашање е поинаку регулирано од начинот на кој е регулирано во Законот за јавни претпријатија.

МРТ и понатаму останува на стојалиште дека Ценовникот за маркетингшки услуги на МРТ е донесен од надлежен орган и за него нема потреба ниту законска обврска да се бара согласност од основачот, односно од Собранието на РМ.

Во подточката 4,4,3 дадени се оценки за ТВ проектот „Отворено со народот народен парламент". Секторот за правни работи и човечки ресурси смета дека склучениот Договор е во согласност со Законот за радиодифузна дејност и Договорот ги содржи сите елементи потребни за склучување на Договор.

Во делот 4.4.2 од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кој се однесува на приходите од радио и тв реклами и користење на рекламното време од страна на други субјекти со кои се склучени договори со кои се утврдуваат меѓусебните права и обврски, појаснуваме:

По првата точка дека ценовникот за маркетингшки услуги број 02-358/2 од 17.01.2006 година дополнет со одлука број 02-3765/2 од 27.06.2006 година, донесен од Управниот одбор на ЈП Македонска радио-телевизија, без да се добие согласност од основачот на јавното претпријатие, Ве известуваме дека Ценовникот за маркетиншки услуги е донесен во 2006 година.

По втората точка дека според Ценовникот за маркетинг услуги цените за преноси и снимки за настани од меѓународен спорт, летна и зимска олимпијада, Лига на шампиони, Светско и Европско првенство во фудбал, кошарка, ракомет и друго, како и цените за специјални музички настани се донесуваат односно формираат со специјална понуда, и дека на ревизијата и е презентирана само специјалната понуда за Светското првенство во фудбал 2010 година, а не и останатите специјални понуди,

Ве известуваме дека во нашата евиденција постојат сите понуди за сите настани за кои треба да се формира специјална понуда, понудите се достапни во секое време и можат да бидат презентирани, а за истите досега не е пристигнато барање за увид од страна на Овластениот државен ревизор.

Специјалните понуди Ви се доставуваат во прилог.

По третата точка за презентираната понуда за користење на рекламно време во преносите од Светското првенство во фудбал 2010 година со број 1/3840/2 од 07.05.2010, постои забелешка од Овластениот државен ревизор дека истата не е одобрена од Управниот одбор на ЈП МРТ.

Појаснуваме дека цените за специјалните настани од типот на Светски и европски првенства во фудбал, ракомет, кошарка и друго, летна и зимска олимпијада, како и специјалните музички настани се формираат со специјална-посебна понуда.

Во важечкиот Ценовник за маркетингшки услуги не постојат насоки и утврдени процедури дека специјалната-посебната понуда треба да биде одобрена од Управниот одбор.

Оваа практика е наследена и прифатена од минатото, односно од начинот на кој се работело минатите години, и во актите на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија не постои обврска понудите од ваков тип да ги одобрува Управниот одбор. Доколку е тоа потребно, ЈП МРТ ќе воспостави редослед на процедури и ќе го почитува.

По четвртата точка за склучени договори за тв рекламирање со опис “Пакет емитувања на реклами во тек на тв пренос” без да се наведе што содржи истиот пакет, Ве известуваме за следното :

Светското првенство во фудбал, Африка 2010, кое ексклузивно се пренесуваше на програмите на Македонската радио-телевизија, е ексклузивна тв програма со повеќе од 60 натпревари пренесувани во живо, голем број дневни репортажи и голем број емисии во живо од студијата на МТВ посветени на светското првенство во фудбал.

Поради големиот обем на емитувана програма, а со тоа и големиот обем на медиа планови доставени од клиентите кои се рекламираа во текот на овие настани, во договорите е наведено дека е договорен пакет емитувања во текот на настаните поврзани со светското првенство во фудбал, како и тв преносите, додека медиа плановите доставени од клиентите кои се рекламирале се прицврстени кон секој договор, а ние ги чуваме во нашата евиденција.

Исто така, поради големиот обем на рекламно време, честопати се појавува потреба од промена на медиа плановите од различни причини, како на пример, атрактивност на некој натпревар особено во втората фаза од светското првенство, а секако се оставивме и можност за промена на медиа плановите и поради постоење можност за промена на програмската шема, односно постоење на можност клиентите да вршат корекции на медиа плановите поради сопствени причини, како на пример почеток или крај на некоја маркетинг кампања, промена на тв спот и негова должина и слично.

Според реализираните медиа планови кои ги имаме во наша евиденција, и според договорените пакети според договорите може многу едноставно да се калкулира вредноста на потрошеното рекламно време. Комплетната евиденција може да се приложи на увид.

Работоводен орган на ЈП МРТ

Ефтим Гаштов — Изршен директор

М-р Петар Каранаков — Извршен директор

**Прилог бр.5**

ОДГОВОР

**на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законските застапници на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија (во понатамошниот текст МРТ), на ден 31.08.2011 година доставија Забелешки под број 02-1876/1 од 25.08.2011 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-169/6 од 31.08.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и по истите се произлезе како што следува:

1. Доставените забелешки на **точката 4.1.1.** која се однесуваат на функционирањето на системот на интерни контроли при склучување договори за програмски активности, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот. Доставениот акт *"Правила за постапката при склучување на договори"* ревизијата го имаше во предвид и при извршување на ревизијата и за истите констатира дека не секогаш се почитуваат во целост и не обезбедуваат транспарентност и разграничување на должностите при склучувањето на договорите од причина што се донесени од лица кои ги потпишуваат истите. Ревизијата ги имаше во предвид и Одлуките на Управниот одбор на МРТ за постапката за склучување договори, кои биле применувани од 20.11.2007 до 26.08.2010 година, со кои за договорите над 3.000 евра односно 6.000 евра е потребна согласност од Управниот одбор. Утврдената состојба е во насока на воведување на систем на интерни контроли при склучувањето и реализацијата на договорите за програмските активности согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола посебно поради тоа што истите се исклучени од примена со Законот за јавни набавки а нивната вредност во МРТ е материјално значајна.

2. Доставената забелешка на **точката 4.2.1.** која се однесува на впишувањето на основачкиот влог на МРТ **не претставува забелешка** туку констатација дека оваа активност е тешко да се спроведе поради

постоење на повеќе основачки акти со кои е основано прво Македонското радио а потоа Македонската телевизија.

3. Доставената забелешка на **точка 4.2.3** која се однесува на констатацијата дека МРТ го нема имплементирано концептот бруто плати, нема изработено нови акти за исплата на плата, не се променети менаџерските договори, решенијата и договорите за работа на вработените, нема извршено измена на коефициентите и вклучување на бруто плата, **не претставува забелешка.** Законските застапници на МРТ ги објаснуваат причините кои довеле до таквата состојба и ја прифаќаат дадената препорака од ревизијата.

4. Доставената забелешка на **точката 4.3.2.** која се однесува на начинот на евидентирање на приходот и побарувањата од радиодифузна такса односно евидентирање на истите на модифицирана основа врз основа на податоците за наплатените парични средства од радиодифузна такса **не се прифаќа.** Законските застапници наведуваат дека во однос на евиденцијата на радиодифузната такса го имаат во предвид МСС 8 и МССЈС. Побарувањата и приходот од радиодифузна такса се евидентира согласно точка 22 од Рамката за подготвување на финансиските извештаи, МСС 1 - Презентирање на финансиски извештаи и МСС 18 – Приходи. МСС 8 се однесува на сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки усогласени со Рамката за подготвување на финансиски извештаи и МСС 1, односно на пресметковна основа. МССЈС се рамка за подготовка на финансиски извештаи кај буџетските корисници. Согласно точка 22 од Рамката – Финансиските извештаи изготвени врз пресметковна основа ги информира корисниците не само за минатите настани кои вклучуваат плаќање или примање пари, туку и за обврските за кои треба да се платат пари во иднина, како и за ресурси кои преставуваат пари и кои треба да бидат примени во иднина. Според тоа тие обезбедуваат таков тип на информации за минати трансакции и други настани кои што се најполезни за корисниците во донесувањето на економски одлуки. МРТ треба да превземе мерки и да го имплементира овој концептот на пресметковна основа со помош на информациониот систем а евиденцијата да се врши автоматски.

5. Упатените забелешки на **точката 4.3.3** кои се однесува на утврдената состојба за непочитување на МСС 20 - Сметководство на државна подршка при евидентирање на наменски добиени средства во износ од 60.645 илјади денари од Владата на РМ по Одлука број 51 – 7485/1 од 07.12.2010 година за реализација на Акционен план за премин од аналогно во дигитално тестеријално телевизиско емитување, **не се прифаќа.** Погрешно е толкувањето на законските застапници дека овој МСС не се однесува на претпријатијата во државна сопственост, поради делокругот на стандардот дека државното учество во сопственоста на ентитетот па од таму и добиените средства од Владата на РМ не претставуваат државна подршка. Имено добиените парични средства од Владата на РМ претставуваат државна подршка бидејќи се дадени наменски за набавка на одредени средства, а не како влог во претпријатието во сопственичката структура. Државната подршка треба да биде признаена во добивката или загубата на систематска основа во периодот во кои ентитетот ги признава како расходи поврзаните трошоци за кои подршките се наменети да ги надоместат, во конкретниот случај за дигитализација за која се уште не се направени трошоци, односно не е извршена набавка на опремата.

6. Упатените забелешки на точка **4.4.1** кои се однесуваат на примената на Законот за јавни набавки **не се прифаќаат.** Законските застапници како доказ доставиле два Договор за јавна набавка кои не ги оспоруваат констатираните состојби во наодот.

7. Доставените забелешки на **точка 4.4.2** кои се однесуваат на утврдената состојба за не почитување на законските и подзаконските акти во врска со евиденција на приходот од користење на рекламното време, **не се прифаќа** поради не доставување на нови докази кои би ја промениле состојбата. Имено законските застапници остануваат на ставот дека Ценовникот за маркетиншки услуги на МРТ е донесен од надлежен орган и за него нема законска обврска да се бара согласност од основачот. Во член 11 алинеја 5 од Законот за јавни претпријатија е уредено : „Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело„. Од друга страна Законот за радиодифузна дејност кој го пропишува работењето на МРТ не ја регулира оваа материја,

поради тоа што истата е пропишана со Законот за јавни претпријатија. За констатацијата дека на ревизијата и е доставена само Специјална понуда за Светското првенство во фудбал која не е одобрена од надлежен орган со овие забелешки се доставени Понуди за зимската олимпијада Ванкувер 2010 година, НБА сезона 2010/2011 година, новогодишен концерт на Виенската филхармонија, Македонски радиски фестивал и Европско првенство во ватерполо. Меѓутоа и овие доставени понуди како и понудата доставена во текот на ревизијата, архивски не се заверени, не се донесени од надлежен орган и утврдените цени во истите не се содржани ниту во договорите, ниту во фактурите. Во текот на вршење на ревизијата беа земени во предвид и терминските планови поради што за констатираните состојби по оваа точка ревизијата нагласи дека извршила увид во договорите, фактурите, терминските планови и помошната евиденција , но ниту во еден случај не утврди колкава е цената за рекламирање во поединечни термини, ниту пак во договорите и во фактурите се наведени термините по поединечни важечки цени.

8. Упатените забелешки на точка **4.4.3** кои се однесува на утврдената состојба за склучениот Договор за соработка за подготовка на проектот "Отворено со народот" во кој не е определена вредноста на проектот, не е прецизирано колку емисии ќе се емитуваат, по која цена и вредност, како и последиците од пречекорување на дозволеното време. Непочитување на одредбите од член 91 став 2 од Законот за радиодифузна дејност, согласно кој освен во играната, спортската и забавната програма, јавниот сервис не може да ги прекинува своите програми заради емитување на реклами, како и не евидентирање на трансакциите кои произлегуваат од склучениот договор **<u>не се прифаќа</u>** поради не доставување на нови докази кои би ја промениле состојбата.

9. Упатените забелешки на точка **4.4.5** кои се однесува на утврдената состојба за непочитување на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци при враќање на аконтациите за службени патувања **<u>не претставува забелешка</u>** туку образложение за содржината на интерниот акт Правила за движење и постапување со финансиската документација број 02-4368/1 од 09.07.2004 година со важност до 07.04.2011 година кога е донесен нов Правилник.

10. Упатените забелешки на **точка 4.4.6** кои се однесува на утврдената состојба за непочитување на Заклучокот на Владата на РМ за висината на надоместокот на претседателот и членовите на Управниот одбор кој треба да биде најмногу 9.000 денари за претседателот и 7.000 денари за членовите, а во МТВ за претседателот надоместокот изнесува 28.900, а за членовите 26.700 **не претставува забелешка** туку образложение дека извршните директори навремено со писмен допис го информирале Советот на МРТ за точките од извадокот од Нацрт-записникот од шеесет и третата седница на Владата на РМ кога е донесен цитираниот Заклучок, но до денот на ревизијата не е постапено по истиот.

***Ревизорски тим***

*1.*____________________

*2.*____________________

***Овластен државен ревизор***

________________________________